Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Влада на Република Македонија

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Бр. 37-94/2
14.01.2019 год.

Аминта III бр. 2,
1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3134 477
Е-пошта: info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство врз основа на член 33 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија" бр. 50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13, 188/13, 149/15, 39/16 и 172/16) на поднесеното барање со бр. 02-10177/1 од 17.10.2018 година на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Факултет за ветеринарна медицина - Скопје, со седиште на ул. Лазар Поп Трајков бр.5-7 Скопје - Гази Баба, донесува

**РЕШЕНИЕ**

**за овластување на лабораторија за вршење на физичко - хемиска анализа заради ставање на виното во промет**

1. Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Факултет за ветеринарна медицина – Скопје, со седиште на ул. Лазар Поп Трајков бр.5-7 Скопје – Гази Баба, **СЕ ОВЛАСТУВА** за вршење на физичко - хемиска анализа на виното заради ставање на виното во промет.

2. Овластената лабораторија од точка 1 на оваа решение, физичко - хемиската анализа на вино ја врши врз основа на методи за кои е акредитирана од страна на Институтот за акредитација на Република Македонија.

**Образложение**

Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Факултет за ветеринарна медицина – Скопје, со седиште на ул. Лазар Поп Трајков бр.5-7 Скопје - Гази Баба, поднесе барање бр. 02-10177/1 од 17.10.2018 година за овластување на лабораторија за вршење на физичко - хемиска анализа на виното заради ставање на виното во промет.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, решавајќи по барањето, врз основа на записникот од Државен инспекторат за земјоделство - Скопје бр.08-9-220 од 19.12.2018 година во кој се констатира исполнетоста на условите од членовите 3 и 4 од Правилникот за основните параметри кои се предмет на физичко - хемиска анализа на виното, поблиските услови во однос на просториите и опремата кои треба да ги исполнуваат овластените лаборатории за вршење на физичко - хемиска анализа заради ставање на виното во промет и постапката за издавање на овластувањето за вршење на физичко - хемиска анализа на виното („Службен весник на Република Македонија" бр. 112/10), утврди дека Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Факултет за ветеринарна медицина - Скопје, ги исполнува условите за добивање на овластување за вршење на физичко - хемиска анализа на вино согласно член 33 од законот за виното.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Република Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Такса за ова решение во износ од 5.000,00 денари под тарифен бр. 102 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр. 17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 95/05, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15 и 23/16) е наплатена.

**Упатство за правно средство:**
Против оваа решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од приемот на оваа решение пред Управниот суд.

**МИНИСТЕР,**
**Љупчо Николовски**

Изготвил: Бобан Златковиќ
Контролирал/Согласен: Живко Брајковски